Д-р Вера ВЕСКОВИЌ - ВАНГЕЛИ

# РЕМИНИСЦЕНЦИИ ЗА СКОПСКИОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД

Чествувањето на денешниов, дваесет и втор ден од месецот август, кога на ова место, денес веќе непрепознатливо, пред повеќе од половина столетие се собраа поклониците на слободољубието, или, како што би рекол современиот германски филозоф Ерих Фром, поклониците на „послушноста кон сопствениот разум или убедување" како „чин на афирмација" на длабокиот порив за слобода, поттикнат и од тестаменталната обврска кон генерациите доблесни револуционери од националноослободителните борби на македонскиот народ, зашто „доколку човек може да слуша, а не и да не послуша, (тој) е роб". На тие, безумно храбри и „непослушни" триесетипетимина, коишто во свечениот строј заветно ја повторуваа партизанската заклетва: „Се колнам во името на народот и Партијата и од името на својата чест", обврзувајќи се со величественото тројство на живот и смрт, само навидум библиско, им го посветуваме овој воспоменателен чин. И нека само за миг, застанеме со пиетет пред скромново обележје, да им ја оддадеме нашата почит на паднатите за слободата на Македонија борци, но и на се уште живите меѓу нас, да им ја искажеме нашата благодарност за развиореното знаме на слободата над македонската земја.

А, кога зборуваме за „непослушноста" на храбрите, таа во случајов со Првиот скопски партизански одред успешно ги обединува спротивставените содржини во трите основни аспекти: партиската непослушност, односно партиската недисциплина кон Покраинскиот

Реч пред спомен-обележјето на Првиот скопски партизански одред, оддржана на денот на неговото формирање, 22 август 1992.

комитет на КПЈ за Македонија; непослушност кон бугарскиот државен апарат, како реализиран чин на отпор против тројните окупатрои на Македонија (бугарскиот, италијанксиот и германскиот) и конкретно во актот на отпорот, побуната против фашистичката окупација, невооружена и вооружена против бугарскиот и германскиот освојувач на Скопје и на Македонија и крајот неговиот сублимат - Првиот скопски партизански одред, кој ја промовираше самосвеста на скопската партиска организација за вооружена борба, и револуционерната традиција огласувајќи се за продолжувач на националноослободитлните борби. Тој беше и буревесник на востанието на македонскиот народ.

А денес, можеме да констатираме, дека речиси петте изминати децении од завршувањето на Втората светска војна се релевантна историска дистанца за дефинирање карактерот на Првиот скопски партизански одред на Народноослободителната војна, нивната оценка и вреднување. Прифаќајќи ги фактитите за Народноослободителната војна на Македонија, станува збор само за оној корпус кој што ја издржа научната критика и која се потврди како општоважечка во историската наука и вон нашите простори, според неа, Народноослободителната војна, а во тој контекст и Првиот скопски партизански одред, се логично продолжување на национално-ослободителната борба на македонскиот народ омеѓена помеѓу Разловечкото (1876) и Кресненското востание (1878), па преку Илинденското (1903) до востанието во 1941 година. Таа борба во условите на Втората светска војна има карактер на автентична нацонално-ослободителна и антифашистичка војна. Тука доаѓа до целосен израз историскиот континуитет, кој во Народноослободителната војна го партиципира своето револуционерно наследство и барањето за национално и социјално ослободување, обединувањето и создавањето на сопствена македонска држава, осовременувајќи го во новите историски услови со целите и борбата на југословенските народи под раководството на КПЈ - непризнавање на делбата на југословенската територија, ослободува-њето на земјата од фашизмот, изградба на социјалистичко, демократско, оштество во рамноправна федерација на југословенските народи и сите што живеат во неа.

Во предвечерието на војната и во 1941 година, основното револуционерно и политичко становиште на македонската левица е во согласност со идејно-политичката и револуционерна програма на КПЈ во Народноослободителната војна. Тоа и овозможи, овој пат, македонскиот народ, со ретки исклучоци, да биде единствен во својата борба за национално ослободување и државност и во таа борба да гиима за сојузници не само југословенските народи, туку и Антифашистичката коалиција - моќен воен и политички фактор, со што Народноослободителната војна во Македонија, во меѓународниот контекст на силите

учеснички во Втората светска војна, го извојува своето место во адресарот на победничките сили.

Во општиот хаос настанат со нападот на Југославија (6 април 1941), партиските организации во Македонија, вклучително и скопската, делуваат брзо. Временскиот простор од 6 април до воспоставувањето на бугарско-италијанската окупаторска власт со сите атрибути на освојувачи, тој празен простор, или како што некои го именуваат политички интерегнум, паралелно во кој циркулираат идеите за „Голема Бугарија", „Голема Албанија", но и „Голема Македонија" со сериозни заложби на нивните протагонисти за конечна реализација, КПЈ во Македонија го исползува за популазирање на својата политичка платформа. Може слободно да се каже, дека со нападот на силите на Оската на Југославија, отпочнуваат и подготовките за вооружено востание за што документираат заклучоиците на месните комитети на Партијата низ Македонија, познати како априлски состаноци на МК, како и партиските конференции. На нив се доенсени значајни одлуки за организирање на партиското членство и симпатизерите, СКОЈ и прогресивните снаги за отпор на окупаторите. Она што во повикот за борба, во тие априлски дни е содржано, но и што ни дава за право да зборуваме за континуитет, е објавата на КПЈ за Македонија за продолжувањето на национално-ослободителната борба на македонскиот народ. Во тој контекст се и заклучоците на партиските комитети, но и на веќе формираните воени комитети и комисии низ Македонија. Тие кореспондираат со нешто подоцна донесените заклучоци на ЦК КПЈ за востание и отпор од секаков вид на југословенските народи и надионалните малцинства против фашистичките окупатори, но не се секогаш во согласност со ставовите на Покраинскиот комитет на КП во Македонија.

Кога станува збор за Македонија, треба да се има предвид фактот, дека КПЈ беше единствената политичка партија на тогашниот југословенски простор но и балкански која од 1934 година, во континуитет, има правилен став по македонското национално прашање, што беше од особено значење за широко прифаќање на нејзината политичка програма, а подоцна и за нејзината стратегија за востание. Од општествените сили, пак, кои единствено беа подготвени да дадат организиран отпор, се македонските комунисти. Тие врз основа на националната програма на КПЈ беа во состојба да ги покренат широките народни маси на отпор и да го создадат широкиот илеган фронт на НОВ преку Народноослободителното движење кое во себе беше ја вградило платоформата на Народноослободителниот фронт. А тој пак имаше меѓународна конотација со вградениот во себе антифашизам и интернационализам, толку потребен во тоа воено време.

А, тоа е случај и со скопската партиска организација, приклештена измеѓу своите реални можности и потреби за бунт, ставот на Покраинскиот комитет за невооружен отпор и чување на кадрите, и Скопје, како седиште на целокупниот бугарски окупаторски апарат. Имено затоа, таа и го понесе најтешкото бреме околу расчистувањето и средувањето на односите со Покраинскиот комитет и дел од неговото раководство како на внатрешен план така и на релацијата ПК - ЦК КПЈ, и долго е под притисокот на контраверзата околу збиднувањата во Покраинскиот комитет, честопати индентификувајќи ја неа со него. Тој гордиев јазол околу состојбите во ПК, се уште неразрешен, го создаде некоплетната документација околу неговата дејност, но уште повеќе контрадик-торините искажувања на современиците на настаните.

Ако Бугарија во Втората светска војна, како сојузничка на силите на Оската и тесно врзаниот царски двор на династијата Кобург со третиот Рајх, со окупацијата на територијата од Црно Море до бреговите на Егејското Море и Охридското Езеро, ја запоседна Моравско-Вардарската долина, отсекогаш и денес, највиталниот патен правец на Балканот и потприајќи се на Дунав, близу до Белград на север, тогаш Скопје, како центар на окупираните територии, ги добива сите белези на значаен стратешко гео-политички и воен центар. Тоа значеше дека во градот е концентриран силен административен апарат, јаки воени и полициски снаги, германски воени единици, конзулати; тој е важен бугарски и германски разузнавачки и контраразузнавачки пункт, центар од каде се пласираше великобугарската пропаганда и фашистичката идеологија низ Македонија, центар на колаборационистичките и квислиншки снаги, но и седеиште на Покраинскиот комитет. Во оваа згусната атмосфера на меѓусебно жестоко спротивставените сили и идеологии, со сета чувствителност на воено-политички план е одредена и специфичноста во животот и дејствувањето на партиската организација во Скопје, нејзиниот отпор како бунт на непокор, „дрската" храброст на комунистите и скоевците во диверзантските акции и не само во нив. Но, во овој свечен момент на чествување, не би зборувале за спротивставените становишта на скопските комунисти со Покраинскиот тогаш комитет и денес, околу некои клучни прашања.

Во историското вреднување, значаен е фактот што партиската организација и СКОЈ, кон кои се приклучија и силите со прогресивна и антифашистичка вокација, го отпочнаа својот отпор од денот на воспоставувањето на бугарската окупаторска власт, која настапи под наметката на „ослободител". Тие пружија жесток отпор против нејзиното настојување за фашизација, особено на младината, денационализацијата и фалсификувањето на историското минато на македонскиот народ, како и отпор против колаборационистите и

контрареволуционерните сили. Тој разновиден отпор е заокружен со формирањето на Првиот скопски партизански одред, првата вооружена единица во Македонија. Одредот беше и најрационалниот одговор на бугарските гласноговорници за нивната „ослободителна" мисија во Македонија. Динамитните експлози на диверзантските групи и Одредот, им го соопштија на окупаторите постоењето на македонскиот ентитет, како посебен, самостоен и самосвесен. И тука доаѓаме до третиот аспект за кој говориме на почетокот - значењето на Првиот скопски партизански одред за Народноослободителната војна во Македонија. Покрај веќе реченото, формирањето и дејствувањето на Одредот од 22 август 1941 година го коригира, уште во текот на војната, а особено по неа, исконструираното становиште на некои партиски и државни раководители, поддржано и од некои автори за задоцнето востание во Македонија. И се поставува прашањето - можно ли е да се зборува за задоцнето востание ако се имаат предвид, беспристрасно и објективно, но и без глорификација, активноста околу подговотвките на скопската партиска организација за востание, коишто практично започнуваат со шестоаприлскиот напад и нешто пред него, значително интензивирани по нападот на СССР, диверзантските акции, величествената Илинденска демонстрација 1941, поврзувањето на селото и широко создадениот илегален фронт во градот преку народната помош, или пак податокот што ни го нуди бугарската окупаторска документација, поточно Министерството за внатрешни работи на царска Бугарија, дека во текот на 1941 година, сметајќи од крајот на април 1941, само во Скопје биле уапсени 1.537 лица за „комунистичка и друга непријателска дејност против државата", или фактот, што од пролетта 1942 година, одново низ скопско крстосува партизанскиот одред?!

И уште една реминисценција за континуитетот, за којшто зборувавме. Првиот скопски партизански одред како носител на новите револуционерни идеи во себе беше ја сублимирал револуционерната традиција и искуство на сопствениот народ, но и на европските прогресицни струења. Примерот со Шовељ - Благоја Деспотовски, борец во Одредот, кој беше го прифатил гемиџиските кодекс со саможртвата на 8 септември 1941, или, пак, присуството на европските цивилизациски дострели преку Васил Антевски-Дрен, негов борец, одличен познавач на Илинденската револуција, инспиратор и автор на брошурата „150-годишнинатата на Француската револуција и нашите традиции", што КПЈ на Македонија ја објави во 1939 година по повод меѓународниот јубилеј. Во неа, покрај знаменитиот документ на Француската револуција од 1789 година „Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот", за првпат на македонски јазик и во Македонија е објавен „Манифестот" на Крушевската република, инспиративен револуционерен повик за борба против робството и за сожителство.

Овие универзални документи и чинот на саможртвата, составот на борците по национална припадност и нивниот социјален статус, беа јасен одговор на бугарската пропаганда - Македонецот постои тука, денес и утре, но и одговор на тезата дека „се уште не е време за вооружено востание". Овие основни постулати на Првиот скопски партизански одред се неговиот spiritus movens и го одредуваат местото на Одредот во историјата на македонскиот народ.

## Епилог

Од триесетипетте буревесници на востанието на македонскиот народ во 1941, пет борци се обесени - во Софискиот затвор тројца (Васил Антевски-Дрен, Љубомир Лековиќ-Горски и Чедомир Миленковиќ-Марко), а двајца во Скопскиот затвор (Срејко Петровски-Пужаљка и Благоја Давков-Блацки); десет загинаа (Боте Ботевски-Трајко, Невена Георгиева-Дуња, Роберт Гајдик, Благоја Деспотовски-Шовељ, Раде Јовчевски-Корчагин, Дане Крапчев-Стари, Владимир Мацанов-Лефтер, Боро Петрушевски-Папучар, Александар Урдаревски-Станко и Решат Џавит-Чукчиќ). За сите нив, и оние дваесет коишто го дочекаа денот на конституирањето на македонската држава на Илинден 1944 година во манастирот „Свети отец Прохор Пчински", за кои Првото заседание на АСНОМ беше визија во августовските денови на 1941, историјата на градот и на македонскиот народ им се оддолжува преку трајното паметење на нивното револуционерно дело.

Скопје, 22 август 1992